**СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА**

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември“ број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Број 09- 815400/1 5
Дата 05-12-2018

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 05.12.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 5284 | 1 | |

до

Г-дин Зоран Трајчевски, Директор
Палата Панко Брашнаров
ул. „Македонија“ бр.38
1000 Скопје

Предмет: Предлог Правилник Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси

Почитувани,

Благодариме за поканата за присуство на работниот состанок во врска со отворената јавна расправа за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети (понатаму Правилникот) и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, како и можноста да го дадеме своето мислење и став по предлогот за изменување и дополнување на Правилникот даден од страна Македонската Медиумска Асоцијација (ММА) Скопје.

Согласно погорното, а истовремено имајќи предвид дека за Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (понатаму Законот) е започната постапка за изменување и дополнување сметаме дека во дадениов период не е целисходно да се започне со постапка и измена на Правилникот од причина што подзаконскиот акт треба да ги следи и дополнително да ги прецизира одредбите дадени во Законот. Имено, доколку се пристапи кон измени и дополнувања на Правилникот напоредно со постапката на измени и дополнувања на Законот ќе се доведеме во ситуација двата прописи да станат контрадикторни и во брзо време повторно да се пристапи кон измена и дополнување на Правилникот со цел истиот да се усогласи со Законот како повисок правен акт.

Дополнително, во однос на конкретниот предлог за измена на Правилникот даден од страна на ММА, воопшто не се согласуваме со истиот од неколку причини:

1. Со предлогот наместо да се олесни процесот на регистрација на програмски сервиси истиот се усложнува и условува со дополнителни обрвски за операторите на јавни комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски пакети
2. Се ограничува волјата на договорните страни со наметнување на задолжителна одредба во договорите за реемитување на програмски сервиси
3. Се предвидува „задолжителната одредба“ да важи само за странските дидузери со што се доведува во прашање слободата на медиумите и медиумскиот плурализам и секако дискриминација на странските радиодифузери во однос на домашните радиодифузери.

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември“ број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660 | Основна главнина МКД 9.583.887.733,00

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

Се надеваме дека ќе ги земете предвид нашите ставови и дека постапката за изменување на Правилникот ќе ја одложите до донесувањето и влегувањето во сила на измените на Законот кога ќе дадеме свои дополнителни забелешки во однос на поедноставувањето на целокупната постапка за регистрација на програмските сервиси.

Со почит,

Директор на сектор за големопродажни и регулативни прашања,

Слободанка Гиевска

_________________

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје